МУЗЕЈОТ
НА СОВРЕМЕНАТА
УМЕТНОСТ, СКОПЈЕ
И
АМБАСАДАТА НА
СОЈУЗНА
РЕПУБЛИКА
ГЕРМАНИЈА
ВО
РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

ВЕ ПОКАНУВААТ
НА СВЕЧЕНОТО
ОТВОРАЊЕ
НА
ИЗЛОЖБАТА

УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН
ФОТОГРАФИЈА

# АНТОН СТАНКОВСКИ

# Anton STANKOWSKI

KUNST UND DESIGN
FOTOGRAFIE

ОРГАНИЗИРАНА
СО ПОСРЕДСТВО
НА ИФА СЛУЖБАТА
ЗА ИЗЛОЖБИ И
ГЕТЕ ИНСТИТУТОТ

ЧЕТВРТОК, 30 МАРТ 1995
ВО 19 ЧАСОТ
ВО МУЗЕЈОТ
НА СОВРЕМЕНАТА
УМЕТНОСТ, СКОПЈЕ

## Антон СТАНКОВСКИ

**(1906)**

**Сликар,**
**графички дизајнер,**
**фотограф**

Тоа што веднаш паѓа во очи при поширокиот преглед на делото на Антон Станковски е преплетувањето на жанровите: претстави развиени во цртежи и исликани во масло или акрилик, искрснуваат повторно во безброј рекламни фотографии, проспекти и плакати. Станковски ја одбива професионалната класификација, а неговите дела не може директно да се подведат под специфични жанрови како што се сликарство, графички дизајн или фотографија. Ханс Нојбург, пријател и колега на Станковски во времето кога тој работеше во Цирих, го

опиша како "визуализатор". Оваа номенклатура, која се однесува на методологијата и предметот на неговото работење, би била најсоодветна дефиниција: визуелизацијата е визуелно претставување на идеи, функции и процеси преку медиумот на сликарството, графичкиот дизајн и фотографијата.

Делото на Станковски треба да се гледа во контекст на конструктивистичките тенденции во 1920-те години. По завршувањето на неговите студии како сликар и декоратер, од 1926 до 1928 тој студирал на Фолкванг школата за дизајн во Есен под водство на Макс Бухарц, кој бил тесно поврзан со холандското движење Де Стил, иницирано од Тео ван Дуисбург и Пит Мондријан. Заедно со Макс Бурхарц, Станковски започнува да експериментира со фотографијата. По две години работа како слободен соработник во рекламната агенција "Вербау" на Јоханес Канис во Бохум, Станковски во 1929 бил поканет од Макс Даланг да работи во неговото студио во Цирих како рекламен уметник. Во доцните 20-те Цирих бил швајцарски центар на движењата на "новиот дизајн" и "конкретната уметност". Во тој амбиент, Станковски се запознава со сликари како што се Макс Бил, Рихард Паул Лозе, Верена Левензберг, Камиј Грезер, графичките дизајнери Ханс Нојбург, Хајри Штајнер, Ернст А. Хајнигер, Алојз Каргит, Ханс Корај и фотографите Вили Ајденбенц, Херберт Матер и Ханс Тромер. Атмосферата била извонредно комуникативна и стимулативна. Во 1937 работната дозвола на Станковски истекува со што тој бил принуден да ја напушти земјата. Во 1938 тој се сели во Штутгарт кадешто дејствува како сликар, графички дизајнер и фотограф. Тој до денес живее и работи во Штутгарт, кадешто е ценет како организатор на студиски групи и изложби и иницијатор на Фондацијата Антон Станковски, активности што се однесуваат на култивирањето на уметничката активност.

издавач МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ , СКОПЈЕ,
Самоилова бб.; тел. 11 77 34, 11 77 35; факс. 23 63 72
за издавачот: Зоран ПЕТРОВСКИ; организација на изложбата: Мирослав ПОПОВИЌ;
превод: Зоран ПЕТРОВСКИ; ликовно и графичко обликување: Ладислав ЦВЕТКОВСКИ;
печат ПРИНТ ПОИНТ